USAID
FROM THE AMERICAN PEOPLE

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

10 години
Center for Civil Communications
Центар за граѓански комуникации

# Индекс на рационалност

# 14.

**Скопје, март 2016 година**

Овој извештај е овозможен со поддршка од американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД) во рамките на Проектот на УСАИД за граѓанско општество. Содржината на публикацијата е одговорност на Фондацијата Отворено општество – Македонија и на Центарот за граѓански комуникации и не ги изразува ставовите на УСАИД или на Владата на Соединетите Американски Држави.

## СОДРЖИНА

**1. ЦЕЛИ И МЕТОДОЛОГИЈА ........................................................................ 4**

**2. ИНДЕКС НА РАЦИОНАЛНОСТ ................................................................ 6**

2.1. Индекс на рационалност за метални архивски ормани........................... 7

2.2. Индекс на рационалност за јаглен..................................................... 10

2.3. Индекс на рационалност за училишни столчиња................................ 13

2.4. Индекс на рационалност за заштитни гумени чизми............................ 16

2.5. Индекс на рационалност за чистење речни корита.............................. 19

3. **ГЕНЕРАЛЕН ЗАКЛУЧОК ........................................................................ 24**

# 1. ЦЕЛИ И МЕТОДОЛОГИЈА

Центарот за граѓански комуникации од Скопје е единствената невладина организација во Република Македонија која спроведува директен и сеопфатен мониторинг на јавните набавки во земјата. Во обид да даде дополнителен придонес кон унапредување на состојбите во оваа сфера, Центарот започна со изработка на т.н. индекс на рационалност во трошење на јавните пари. Целта е да се воведе нов инструмент преку којшто ќе се мери ефикасноста во трошењето на јавните пари, ќе се откриваат слабите точки во системот и, во крајна линија, ќе се влијае врз институциите да бидат порационални во трошењето на буџетите, кои се полнат со пари од граѓаните.

Индексот на рационалност се изработува преку споредба на цените по коишто различните институции купуваат исти производи, услуги или работи. Фактот што индексот опфаќа ист вид производ, услуга или работа дава можност, освен споредба на цените, да се претстави и различниот однос на државните институции при спроведувањето исти видови јавни набавки.

Индексот е замислен како показател за државните институции што треба да им послужи како основа за подобрување на рационалноста при јавните набавки, односно при трошењето на јавните пари. Со оглед на тоа што просечните цени во индексот претставуваат просек од цените што ги постигнале самите институции и не значи дека тие се реален или пазарен одраз на вредноста, целта на државните институции треба да биде, секогаш кога можат, да се стремат кон постигнување на најниските цени и подомаќински да ги трошат јавните пари, бидејќи за истите набавки други институции постигнале поповолни цени на пазарот.

Разликите во цените по кои институциите плаќаат за исти видови производи и услуги упатуваат на потребата од подетални истражувања на пазарот пред објавување на тендерите и усогласување на пристапот на договорните органи кон набавка на исти видови производи.

Во примерокот за изработка на индексот се вклучени сите договорни органи од национално и од локално ниво, што значи од министерства и општини, преку јавни претпријатија и агенции, до училишта и градинки.

Во изработката на индексот на рационалност се користат примарни и секундарни извори на податоци.

Прибирањето на податоците од примарни извори се спроведува преку:

- присуство при отворања на понудите што економските оператори ги доставиле за одредени постапки за јавни набавки, за добивање податоци за понудените цени и
- директни контакти со договорните органи за добивање податоци кои понуди се избрани како најповолни.

Преку овие активности се доаѓа изворно до податоците за цените по кои се купуваат одредени производи, услуги или се изведуваат одредени работи.

Секундарни извори на информации се:

- Електронскиот систем за јавни набавки и
- Барањата за слободен пристап до информациите од јавен карактер.

Значајно е да се напомне дека во индексот на рационалност ќе се објавуваат имињата на договорните органи, но не и имињата на фирмите со кои се склучени договорите (иако се располага и со овие податоци), бидејќи одговорноста за рационално трошење на јавните пари им припаѓа, пред сѐ, на договорните органи.

Од Индексот на рационалност бр.1 до Индексот на рационалност бр.11, разликите во цените на одделните институции се пресметуваа во однос на просечната цена. Почнувајќи од Индексот на рационалност бр.12, разликите се изразуваат како процент на отстапување од просечно постигната цена. Оценето е дека на овој начин појасно и попрецизно се отсликуваат разликите во цените за оние производи и услуги за кои се изработува индексот.

# 2. ИНДЕКС НА РАЦИОНАЛНОСТ

Четиринаесеттиот индекс на рационалност е изработен за следниве пет видови производи и услуги:

- **метални архивски ормани,**
- **јаглен,**
- **училишни столчиња,**
- **заштитни гумени чизми и**
- **чистење речни корита.**

Во изработката на индексот на рационалност за овие производи и услуги беа вклучени институции на национално и на локално ниво кои имале ваков вид на набавка во 2014 и 2015 година.

Во изработката на индексот на рационалност беа вклучени 70 институции, кои за набавките на овие стоки и услуги спровеле 74 тендери.

## 2.1 Индекс на рационалност за метални архивски ормани

*Цените по кои се купувани металните архивски ормани, со речиси идентични димензии, се движат од 6.476 до 14.293 денари. Соодносот на најниската и највисоката цена е 1:2,21, што значи дека цената што ја платило Министерството за животна средина и просторно планирање е за 121% повисока од онаа на Основниот суд Скопје 2.*

*Сите институции ги набавувале орманите во постапки кои биле транспарентни и за кои бил објавен оглас. Суштинската разлика што е констатирана низ анализата на тендерските документи е дека во постапката на Министерството за животна средина и просторно планирање, во делот за набавка на ормани била добиена само една понуда и не е спроведена електронска аукција. Оваа состојба го потврдува правилото дека во очекување на електронска аукција, понудувачите првично нудат повисоки цени коишто, поради немањето услови за негативно наддавање, остануваат и како конечни цени.*

*Големите разлики во цената за набавка на архивски ормани не може да се доведат во директна врска со купените количини.*

**Индекс на рационалност за метални архивски ормани**
*(цена за еден орман)*

| Договорен орган | Цена со ДДВ | Отстапување од просечната цена |
|---|---|---|
| Основен суд Скопје 2 | 6.476 | -34,76% |
| Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје – Ректорат | 6.773 | -28,85% |
| Апелациски суд Штип | 6.981 | -25,01% |
| Управен суд | 7.750 | -12,61% |
| Универзитет за информатички науки и технологии – Охрид | 8.612 | -1,34% |
| Просек* | 8.727 | 0,00% |
| Општина Аеродром | 8.732 | +0,06% |
| Град Скопје | 8.784 | +0,06% |
| Општина Радовиш | 8.850 | +1,39% |
| Управа за водење матични книги | 10.018 | +12,89% |
| Министерство за животна средина и просторно планирање | 14.293 | +38,94% |

*Просек од цените што ги плаќаат институциите вклучени во индексот за оваа набавка 7696

Во изработката на индексот на рационалност за метални архивски ормани се вклучени 10 договорни органи кои, за овој вид набавка и со конкретни димензии на орманите, објавиле оглас во периодот јануари 2014 – ноември 2015 година. Од сите институции се добиени побараните податоци. Во нив е потврдено сознанието коешто е добиено и претходно од тендерските документации – дека сите ормани се со висина од 190 до 200 сантиметри, ширина од 80 до 95 сантиметри и длабина од 40 до 50 сантиметри. Констатираните мали разлики во димензиите не влијаеле врз цената, бидејќи двете институции кои имаат најниска и највисока цена (Основен суд Скопје 2 и Министерство за животна средина и просторно планирање) купиле ормани со идентични димензии, и тоа висина од 200 сантиметри, ширина од 80 сантиметри и длабина од 40 сантиметри. Оттука, во изработката на индексот за метални архивски ормани се вклучени сите 10 институции одбрани на почетокот на процесот.

Како што може да се види од индексот на рационалност, просечно постигната цена за набавка на 1 орман изнесува 8.727 денари. Пет институции ги купувале архивските ормани по пониска цена од просечно постигнатата, и тоа од 1,34% до 32,76%, додека, пак, пет институции плаќале натпросечно висока цена, и тоа од 0,06% до 38,94%.

Олку големите разлики во цените на металните архивски ормани не се последица на применетите постапки. Со исклучок на Управата за водење на матичните книги, каде што е применета отворена постапка, сите останати институции спровеле тендер со барање за прибирање понуди. Ова значи дека се применети транспарентни постапки кои требале да овозможат еднакви услови за сите понудувачи. Воедно, кај сите постапки е користен критериумот 'најниска цена'. Кај сите постапки била планирана електронска аукција за намалување на првично дадените цени. Сепак, планираната е-аукција не се одржала само во тендерот на Министерството за животна средина и просторно планирање, каде што во делот за набавка на метални архивски ормани се јавил еден понудувач.

Големите разлики во цената за набавка на архивски ормани не можат да се доведат во директна врска со купените количини.

## Број на купени метални архивски ормани

| Договорен орган | Број на купени ормани | Отстапување од просечната цена |
|---|---|---|
| Основен суд Скопје 2 | 25 | -34,76% |
| Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје - Ректорат | 3 | -28,85% |
| Апелациски суд Штип | 14 | -25,01% |
| Управен суд | 12 | -12,61% |
| Универзитет за информатички науки и технологии – Охрид | 4 | -1,34% |
| Општина Аеродром | 40 | +0,06% |
| Град Скопје | 10 | +0,06% |
| Општина Радовиш | 9 | +1,39% |
| Управа за водење на матичните книги | 100 | +12,89% |
| Министерство за животна средина и просторно планирање | 3 | +38,94% |

Како што може да се види од табеларниот приказ, најголемиот број ормани ги има купено Управата за водење на матични книги, дури 100, но сепак цената по којашто се купени тие е една од највисоките. Во исто време, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ Скопје – Ректорат и Министерството за животна средина и просторно планирање имаат купено ист број ормани, односно по три, а имаат голема разлика во цената од дури 111%.

## 2.2 Индекс на рационалност за јаглен

*Цените по кои институциите го купувале јагленот се движат од 1.652 до 4.814 денари за 1 тон. Станува збор за јаглен со калорична вредност од 2.000 до 2.500 kcal на килограм и со гранулација од минимум 80 мм. Споредбата на најниската и највисоката цена упатува на сооднос од 1:2,86, што значи дека основното училиште „Браќа Миладиновци" од Пробиштип плаќало цена која е за 186% повисока од онаа на ЈЗУ Здравствен дом – Пробиштип.*

*Гледано од аспект на купените количини, може да се констатира дека ОУ „Браќа Миладиновци" – Пробиштип, кое ја плаќа највисоката цена за јаглен, ја купило најмалата количина, но од друга страна, институцијата КПУ Идризово, која ги има купени најголемите количини, не ја постигнала најниската цена и спаѓа во групата со натпросечно високи цени. Највисоката цена за јагленот ја плаќа ОУ „Браќа Миладиновци" – Пробиштип, каде што била добиена само една понуда, со што се оневозможило спроведувањето на планираната електронска аукција.*

**Индекс на рационалност за јаглен**
*(цената за 1 тон)*

| Договорен орган | Цена со ДДВ | Отстапување од просечната цена |
|---|---|---|
| ЈЗУ Здравствен дом – Пробиштип | 1.652 | -111,08% |
| Општина Велес | 3.039 | -14,74% |
| Просек* | 3.487 | 0,00% |
| КПУ Идризово | 3.856 | +9,60% |
| ОУ „Никола Карев" – Пробиштип | 4.169 | +16,36% |
| ОУ „Браќа Миладиновци" – Пробиштип | 4.720 | +26,12% |

*Просек од цените што ги плаќаат институциите вклучени во индексот за оваа набавка

Во изработката на индексот на рационалност за јаглен беа вклучени 10 договорни органи чијашто набавка на оваа услуга е евидентирана преку објавените огласи на Електронскиот систем за јавни набавки во текот на периодот јануари – ноември 2015 година. Од институциите се бараше да доставаат цена која ја плаќаат за 1 тон јаглен, во согласност со склучените

договори за јавни набавки, како и опис на калоричната вредност и гранулацијата. По споредбата на калоричната вредност и гранулацијата, произлезе дека 6 институции купувале јаглен што е споредлив, односно со калорична вредност од 2.000 до 2.500 kcal на килограм, како и гранулација од минимум 80 мм. Останатите 4 институции се исклучени, и тоа:

- ОУ „Кирил и Методиј" – Стајковци (7.611 денари за 1 тон јаглен) и Агенција за катастар на недвижности (6.785 денари за 1 тон јаглен), затоа што барале повисока калорична вредност, односно над 3.500 kcal на килограм.
- Министерство за одбрана – Сектор за логистика (4.764 денари за 1 тон јаглен) и КЈП Нискоградба – Битола (4.673 денари за 1 тон јаглен), затоа што барале ниска калорична вредност од само 200 KJ, односно 1800 kcal на килограм.
- Општина Долнени, пак, во својата тендерска документација ги нема наведено овие значајни параметри и од таму тврдат дека, и по склучувањето на договорот, не располагаат со тој податок.

Како што може да се види од табеларниот приказ на индексот на рационалност, просечната цена што е плаќана за набавка на 1 тон јаглен изнесува 3.487 денари. Две институции за 1 тон јаглен плаќале цена што е пониска од просечно постигнатата, и тоа од 14,74% до 111,08% додека, пак, три институции за јагленот плаќале натпросечно високи цени, и тоа од 9,60% до 26,12%.

Со исклучок на набавката на КПД Идризово, каде што е применета отворена постапка, сите останати, со оглед на помалата вредност, примениле постапка со барање за прибирање понуди. Критериум за избор кај сите е 'најниска цена'. И покрај законски обезбедената транспарентност на постапките, овие тендери се одликуваат со ниска конкуренција. Притоа најголем број понудувачи е евидентиран во постапката спроведена од КПУ Идризово, каде што имало тројца понудувачи, во постапките на ЈЗУ Здравствен дом - Пробиштип и на ОУ „Никола Карев" – Пробиштип имало по двајца понудувачи, додека, пак, во постапката ОУ „Браќа Миладиновци" – Пробиштип имало само еден понудувач. Оттука со право може да се констатира дека отсуството на конкуренција се

одразило врз цената што за набавката на јаглен ја плаќа ОУ „Браќа Миладиновци" – Пробиштип.

Гледано од аспект на купените количини, може да се констатира дека ОУ „Браќа Миладиновци" – Пробиштип, кое ја плаќа највисоката цена за јаглен, ги купило најмалите количини, но од друга страна, институцијата КПУ Идризово, која ги има купени најголемите количини, не ја постигнала најниската цена и спаѓа во групата со натпросечно високи цени.

**Количините на купен јаглен**

| Договорен орган | Килограми | Отстапување од просечната цена |
|---|---|---|
| ЈЗУ Здравствен дом – Пробиштип | 80 | -111,08% |
| Општина Велес | 151 | -14,74% |
| КПУ Идризово | 800 | +9,60% |
| ОУ „Никола Карев" – Пробиштип | 60 | +16,36% |
| ОУ „Браќа Миладиновци" – Пробиштип | 25 | +26,12% |

Со оглед на купените количини, како и солидната конкуренција за македонски услови од 3 понудувачи, останува нејасно зошто КПУ Идризово има цена што е за 9,60% повисока од просечно постигнатата во овој индекс на рационалност.

## 2.3 Индекс на рационалност за училишни столчиња

*Овој индекс е изработен за училишни столчиња со анатомска метална конструкција, седиште и потпирач од фурнирана бука и со стандардна димензија.*

*Цените по кои училиштата ги купувале столчињата се движат од 505 до 1.062 денари. Соодносот на најниската и највисоката цена изнесува 1:2,10, што значи дека цената по која столчињата ги купило СУГС „Цветан Димов" – Скопје е за 110% повисока од цената која за столчињата ја платило ОУ „Кочо Рацин" во Петровец по тендер спроведен од општината.*

*Во тендерите на трите училишта кои ги платиле највисоките цени за набавка на столчиња (ОУ „Кирил и Методиј" – Тетово, СОУ „Ѓорче Петров" – Крива Паланка и СУГС „Цветан Димов" – Скопје) немало конкуренција, односно добиена е само по една прифатлива понуда.*

***Индекс на рационалност за училишни столчиња***
*(цена за едно столче)*

| Договорен орган | Цена во денари со ДДВ | Отстапување од просечната цена |
|---|---|---|
| Општина Петровец за потребите на ОУ „Кочо Рацин" во н.м. Петровец | 505 | -58,22% |
| СОУ „Нико Нестор" – Струга | 649 | -23,11% |
| ООУ „Јоаким Крчовски" – Крива Паланка | 679 | -17,67% |
| СУГС Гимназија „Раде Јовчевски Корчагин" | 703 | -13,66% |
| СУГС Гимназија „Јосип Броз Тито" – Скопје | 726 | -10,06% |
| Просек* | 799 | 0,00% |
| СУГС „Арсени Јовков" – Скопје 2 | 802 | +0,37% |
| ОУ „Кирил и Методиј" – Тетово | 1.012 | +21,05% |
| СОУ „Ѓорче Петров" – Крива Паланка | 1.050 | +23,90% |
| СУГС „Цветан Димов" – Скопје | 1.062 | +24,76% |

*Просек од цените што ги плаќаат институциите вклучени во индексот за оваа набавка

Во изработката на овој индекс беа вклучени 10 институции, главно училишта чијашто набавка на училишни столчиња е евидентирана преку објавените огласи во евиденцијата на Електронскиот систем за јавни набавки во периодот

од ноември 2014 до ноември 2015 година. Сите договорни органи ги доставија побараните информации, со исклучок на СОУ „Димитар Влахов‟ – Струмица, кое го достави договорот што е склучен со фирмата-добавувач, во којшто е наведена вкупната вредност од 269.689 денари за набавка на 55 училишни клупи и 140 училишни столчиња. Во прилог на доставената документација не е наведена поединечната цена на столчињата. Оттука индексот на рационалност за училишни столчиња е изработен за 9 институции.

Како што може да се види од табеларниот приказ на овој индекс, просечната цена што е плаќана за набавка на училишни столчиња изнесува 799 денари. Пет училишта за столчињата плаќале цена што е пониска од просечната од 10,06% до 58,22%, додека, пак, 4 училишта за столчињата плаќале повисока цена од просечно постигнатата, со разлики од 0,37% до 24,76%.

Сите училишта, како и општината Петровец, за набавка на столчињата спровеле постапка со барање за прибирање понуди, за што е претходно објавен оглас за јавна набавка. Критериум за избор во сите постапки е најниската цена.

Во овој индекс може да се види јасно ефектот што конкуренцијата на понудувачите може да ја има врз цените. Па така, сите цени што се пониски од просечната се постигнати во тендери каде што имало по 4 понудувачи и била спроведена планираната електронска аукција за намалување на првично дадените цени. Во тендерите, пак, на трите училишта кои ги платиле највисоките цени за набавка на столчиња (ОУ „Кирил и Методиј‟ – Тетово, СОУ „Ѓорче Петров‟ – Крива Паланка и СУГС „Цветан Димов‟ – Скопје) немало конкуренција, односно добиена е по само една прифатлива понуда.

Разликите во цените што се јавуваат во набавката на училишни столчиња не може да се објасни со купените количини. Наспроти сите економски логики, произлегува дека една од највисоките цени ја плаќа токму училиште кое ги има купено најголемите количини, а тоа е СОУ „Ѓорче Петров‟ – Крива Паланка, чијашто цена е двојно повисока од најниската цена платена за овој вид набавка.

**Количини на купени столчиња**

| Договорен орган | Број на купени столчиња | Отстапување од просечната цена |
|---|---|---|
| Општина Петровец за потребите на ОУ „Кочо Рацин“ во н.м. Петровец | 144 | -58,22% |
| СОУ „Нико Нестор“ - Струга | 200 | -23,11% |
| ООУ „Јоаким Крчовски“ - Крива Паланка | 250 | -17,67% |
| СУГС Гимназија „Раде Јовчевски Корчагин“ | 40 | -13,66% |
| СУГС Гимназија „Јосип Броз Тито“ – Скопје | 120 | -10,06% |
| СУГС „Арсени Јовков“ - Скопје | 40 | +0,37% |
| ОУ „Кирил и Методиј“ - Тетово | 180 | +21,05% |
| СОУ „Ѓорче Петров“ – Крива Паланка | 250 | +23,90% |
| СУГС „Цветан Димов“ – Скопје | 50 | +24,76% |

СУГС „Цветан Димов“ – Скопје, кое ја плаќа највисоката цена за набавката на училишни столчиња, не ја купило најниската количина. Имено, ова училиште купило 50 столчиња, што е за 10 столчиња повеќе од СУГС Гимназија „Раде Јовчевски Корчагин“ и од СУГС „Арсени Јовков“ – Скопје, кои имаат купено по 40 столчиња, и тоа по пониски цени.

## 2.4 Индекс на рационалност за заштитни гумени чизми

*Цените по кои институциите ги купувале заштитните гумени чизми, високи до колена, се движат од 400 до 728 денари за 1 чифт. Соодносот на најниската и највисоката цена е 1:1,82, што значи дека Водостопанство Скопско поле плаќало цена што е за 82% повисока од онаа на ЈП Нискоградба – Охрид. Станува збор за гумени чизми високи до колена изработени во согласност со стандардот МКС EN ISO 20347:2012 или еквивалентно.*

*Разликите во цените не можат да се објаснат со купените количини, ниту, пак, со начинот на којшто се спроведени постапките за јавна набавка.*

***Индекс на рационалност за заштитни гумени чизми***

*(цена за 1 чифт заштитни гумени чизми)*

| Договорен орган | | Отстапување од просечната цена |
|---|---|---|
| ЈП Нискоградба Охрид | 400 | -31,00% |
| ЈП Стрежево – Битола | 438[1] | -19,63% |
| ЈКП Водовод и канализација – Прилеп | 440 | -19,09% |
| ЈКП Комуналец – Прилеп | 461 | -13,67% |
| ЈП за водоснабдување Студенчица – Кичево | 475 | -10,32% |
| ЈП Комуна – Крушево | 477 | -9,85% |
| Просек* | 524 | 0,00% |
| Општина Македонски Брод | 531 | +1,32% |
| Водостопанство Кумановско - Липковско Поле - Куманово | 609 | +13,96% |
| ЈП Чистота и зеленило – Куманово | 680 | +22,94% |
| Водостопанство Скопско Поле – Скопје | 728 | +28,02% |

*Просек од цените што ги плаќаат институциите вклучени во индексот за оваа набавка

Во анализата за изработката на овој индекс беа вклучени комуналните претпријатија и општините кои набавуваа заштитни гумени чизми во периодот јануари-ноември 2015 година. Во листата на набавувачи, покрај комуналните претпријатија, се најде и општината Македонски Брод, која набавувала за потребите на локалното јавно претпријатие Водовод и канализација. Во изработката на индексот првично беа вклучени 26 институции кои набавувале

[1] Цената за услугата која ЈП Стрежево Битола ја плаќало за набавка на гумени чизми е пондериран просек од три цени кои се дадени за различен број на чизмите

заштитни гумени чизми високи до колена. По обработката на добиената документација, беше констатирано дека во набавката на заштитни гумени чизми некои комунални претпријатија се повикувале на стандардот МКС EN ISO 20347:2012, други на стандардот МКС EN-ISO 20345:2012, а трети не се повикувале на никаков стандард. Оттука, за да се избегне каков било ризик во објективноста на споредбата, во изработката на индексот се вклучени само 10 набавувачи кои барале заштитните гумени чизми во согласност со стандардот МКС EN ISO 20347:2012 или еквивалентно.

Како што може да се види од табеларниот приказ на индексот на рационалност, просечната цена што е плаќана за набавка на гумени чизми високи до колена изнесува 524 денари. Притоа, шест договорни органи плаќале цена што е пониска од просечно постигнатата, и тоа од 9,85% до 31,00%, додека четири институции за заштитните обувки плаќале повисоки цени од просечната, и тоа од 1,32% до 28,02%.

Гледано од аспект на применетите постапки, ЈП „Стрежево" – Битола, ЈКП Водовод и канализација – Прилеп и ЈП Чистота и зеленило – Куманово користеле отворена постапка, ЈП Нискоградба Охрид, ЈКП Комуналец – Прилеп и Водостопанство Кумановско-Липковско Поле – Куманово користеле барање за прибирање на понуди над 20.000 евра, додека, пак, ЈП за водоснабдување Студенчица – Кичево, ЈП Комуна – Крушево, Општина Македонски Брод и Водостопанство Скопско поле – Скопје примениле постапка со барање за прибирање понуди над 5.000 евра. Во тендерите е констатирана конкуренција од 2 до 6 понудувачи и во сите е спроведена електронска аукција за намалување на цените.

Разликите во цените не можат целосно да се објаснат ниту со бројот на купени чизми.

**Количини за набавка на гумени чизми**

| Договорен орган | Количини | Отстапување од просечната цена |
|---|---|---|
| ЈП Нискоградба Охрид | 40 | -31,00% |
| ЈП Стрежево – Битола | 107 | -19,63% |
| ЈКП Водовод и канализација – Прилеп | 400 | -19,09% |
| ЈКП Комуналец – Прилеп | 400 | -13,67% |

| | | |
|---|---|---|
| ЈП за водоснабдување Студенчица – Кичево | 13 | -10,32% |
| ЈП Комуна – Крушево | 35 | -9,85% |
| Општина Македонски Брод | 16 | +1,32% |
| Водостопанство Кумановско - Липковско Поле – Куманово | 40 | +13,96% |
| ЈП Чистота и зеленило – Куманово | 10 | +22,94% |
| Водостопанство Скопско Поле – Скопје | 29 | +28,02% |

Најниската цена е постигната од страна на ЈП Нискоградба Охрид, каде што се купени само 40 чифта заштитни гумени чизми, исто колку и во Водостопанство Кумановско - Липковско Поле – Куманово, а притоа разликата во нивните цени изнесува 52%. Сепак, доминантно оние комунални претпријатија кои купувале поголеми количини се со пониски цени од просечно постигнатата во индексот и обратно.

## 2.5 Индекс на рационалност за чистење речни корита

За да се изработи индекс на рационалност за чистење речни корита, во текот на декември 2015 година беа доставени барања за пристап до информации од јавен карактер до 14 општини кои, според податоците од Електронскиот систем за јавни набавки, имале ваков вид на набавка во период јули-ноември 2015 година. Со повикување на конкретните тендери, од општините се бараше да достават податоци за цената (со или без ДДВ) што ја плаќаат за ангажирање механизација и работници за чистење на речни корита (ископ, утовар и транспорт) по единица мерка и за површините за чистење што се опфатени со договорот и вкупната вредност на договорот. Сите општини ги доставија побараните информации.

Од доставените податоци произлезе дека општините Кривогаштани и Демир Капија ги поништиле своите постапки, додека, пак, останатите 12 општини доставија информации за склучените договори. Во анализата на добиените податоци не можеше да се пронајде заедничка, споредлива единица мерка врз основа на која би се изработила споредлива цена на услугата за чистење речни корита како предуслов за изготвување на индексот на рационалност. Општините користеле сосема различни начини за пресметка на трошоците за оваа услуга. Воедно, произлезе дека дел од општините за плаќање на овие услуги, наместо пари, користеле нафтени деривати кои им биле доделени од Владата од стоковите резерви, што дополнително оневозможи каква било компарација.

Оттука се наметна потребата, за овој вид трошок, да се даде поединечен приказ на трошоците што ги имаат општините.

**Општина Прилеп** за оваа услуга спровела постапка со барање за прибирање понуди број 17/2015, и тоа поконкретно за чистење на локација на Дабничка Река во горниот тек (во должина 1500 метри и ширина од 3 до 5 метри). Вредноста на склучениот договор изнесува 1.109.200 денари.

**Општина Гостивар,** за чистење на Лакавичка Река, спровела постапка со барање за прибирање понуди под број 76/2015. Договорот опфаќа сечење вегетација со моторна пила и нејзино вадење во брегот на реката, како и

подобрување на еколошката средина во должина од 3400 метри, за што се предвидени трошоци од 530 денари дневно за 15 дена или вкупно 7.950 денари. Механички ископ на седиментираниот материјал од коритото на реката во должина од 1000 $м^3$, за што биле потребни 2.880 денари дневно за 60 дена, или вкупно 172.800 денари. Превоз на материјалот со камион кипер во депонијата до 7 км во должина од 62 $м^3$, за што биле потребни 321 денари дневно за 60 дена, или вкупно 19.260 денари. Според доставената документација вкупната вредност на договорот е 236.000 денари.

**Општина Градско,** по спроведена постапка со барање за прибирање понуди, под број 11/2015 склучила договор за чистење на речно корито на река Вардар. Станува збор за делница 1-200 метри над мостот Ногаевци и 100 метри под мостот и делница 2-500 метри над мостот Уланци и 200 метри под мостот во вкупна должина од 1000 метри, во согласност со Акциониот план за чистење на речни корита во РМ за 2015 година. Вредноста на договорот е 6.400 денари без ДДВ, или 7.552 денари со ДДВ.

**Општина Валандово,** за чистење на коритото на Анска Река, спровела постапка со барање за прибирање понуди под број 19/2015. Станува збор за чистење на коритото на реката во должина од 4380 метри, за што вредноста на договорот нема да надмине 400.000 денари со ДДВ. За работа со ровокопач цената е 1.904 денари за 1 работен час, а за работа со камион 1.306 денари од километар.

**Општина Зрновци,** за чистење на реките Брегалница и Зрновка, спровела две постапки за јавни набавки за кои договорите се склучени со иста фирма и во ист ден. Договорот што произлегол од постапката со барање за прибирање понуди под број 08/2015 опфаќал чистење на реката Брегалница во должина 1.230 метри и ширина од 8 до 12 метри, додека за реката Зрновка – во должина од 250 метри и ширина од 6 до 10 метри. Цената е за ангажирање механизација и работници за чистење на речното корито (ископ, утовар и транспорт) по единица мерка 37 литри дизел за работен час или 1.605 денари. Вкупна вредност на договорот е 4.000 литри дизел гориво.

Постапката со барање за прибирање понуди, пак, под број 10/2015 се однесувала на чистење на реката Брегалница, во должина 820 метри и ширина

од 8 до 12 метри, и реката Зрновка, во должина од 580 метри и ширина од 6 до 10 метри. Цената за ангажирање на механизација и работници за чистење на речно корито (ископ, утовар и транспорт) по единица мерка изнесувал 60 литри дизел гориво за работен час или 2.800 денари. Вкупна вредност на договорот е 4.000 литри дизел гориво.

**Општина Бутел** склучила договор за чистење речно корито по постапка со барање за прибирање понуди за јавна набавка под број 28/2015. Договорот се однесува на машинско чистење (ископ) на наталожен материјал во реката Серава и утовар и одвезување на вишок материјал до депонија до 10 км, површина 4000 м$^{3}$, единечна цена 75 денари без ДДВ. Вкупната вредност на договорот е 354.000 денари.

**Општина Штип,** за чистење речни корита, спровела постапка со барање за прибирање понуди под број 31-1/2015. Склучениот договор се однесува на чистење на реките Брегалница, Крива Лакавица и Судичка. Притоа, чистењето на реката Брегалница е во должина од 5600 метри, на реката Крива Лакавица – во должина од 1400 метри и на реката Судичка – во должина од 500 метри. Вкупната вредност на работите изнесува 1.416.000 денари. Според договорот, плаќањето ќе се фактурира во денари, а ќе се плаќа во евродизел, којшто ѝ е доделен на општината од Министерството за транспорт и врски.

**Општина Петровец** за чистење на коритото на реката Пчиња спровела постапка со барање за прибирање понуди под број 26/2015. Притоа, договорот опфаќа чистење на реката Пчиња во должина од 400м од мостот Катлановска Бања кон село Катланово, L=400м од мостот во село Бадар кон с. Катланово и должина 400м од мостот Бадар по течение на реката. Ангажираната механизација е со следните цени: камион кипер, со утовар, транспорт и истовар на материјал, на оддалеченост до 10км, со единечна цена од 99,41 денари без ДДВ по метар кубен, лице за управување со камион кипер по цена од 119,29 денари без ДДВ по час, ровокопач скип по цена од 1.590,59 денари без ДДВ по час, лице за управување со ровокопач скип по цена 139,18 денари без ДДВ по час, багер со гумени тркала по цена од 2.982,35 денари без ДДВ по час и лице за управување со багер со гумени тркала по цена од 139,18 денари

без ДДВ по час. Договорот е склучен во вкупна вредност од 1.416.000 денари со ДДВ, или 12.000 литри нафта.

**Општина Карбинци,** за чистење на Раданска Река, спровела постапка со барање за прибирање понуди под број 16-(1175)/2015. Предмет на договорот е изведба на работи за чистење на речното корито на реката од село Голем Габер (трета каскада) до под село Радење, во должина од околу 6.000 метри. Ангажирана механизација: багер гасеничар од 20-25 тони по цена 3.500 денари без ДДВ по час, булдожер ТГ 220 или еквивалентно по цена од 3.500 денари без ДДВ по час, багер гумењаш од 10-15 тони или еквивалентно по цена од 3.000 денари без ДДВ по час, камион кипер минимум 13 $м^3$ зафатнина или еквивалентно за транспорт на вишок на материјал до 6 км по цена од 100 денари по метар кубен и скип по цена од 1.800 денари без ДДВ по час. Вредноста на договорот е 5.000 литри нафта Еуродизел БС.

**Општина Јегуновце** ги чистела делниците на реките Вардар и Бистрица, за што спровела постапка за јавна набавка под број 22/2015. Договорот опфаќа ангажирање на механизација по цена од 3.500 до 6.000 денари без ДДВ за 1 час. За извршената услуга на фирмата ѝ е платено 12.000 литри нафта.

**Општина Пласница** спровела две постапки за јавна набавка под број 4/2015, за чистење на реката Треска, и 5/2015, за чистење на речните корита на реките Суводолица, Злобочица, Прска и Стрмошница. Договорите се склучени со локалното јавно претпријатие и со нив е извршено сечење на вегетацијата со моторни пили и нејзино извлекување на брегот од речното корито, машински ископ и расчистување нанос, ниска вегетација, комунален отпад и проширување на речното корито, машинско порамнување на изнесениот материјал на брегот и формирање на насип и транспорт на вишок материјал со камиони на депонија до 1 км. Двата договори вкупно се проценети на 28.000 литри дизел гориво БС.

**Општина Куманово,** за чистење на дел од коритата на реките Коњарка, Липковка, Кумановка и Крива Река, спровела отворена постапка под број 06/2015. Договорот предвидува користење различен вид на механизација за ископ, утовар и транспорт со цени за 1 час нивно ангажирање. Цените за ангажирање на механизација се движат од 1.800 до 5.500 денар без ДДВ за

час. Вкупно сите изведени работи се во вредност од 3.463.300,31 денари со ДДВ. Притоа, како што е наведено во доставената документација, дел од исплатата ќе се регулира со давање на изведувачите на ултра дизел гориво во вредност од 20.000 литри.

## ГЕНЕРАЛЕН ЗАКЛУЧОК

Индексот на рационалност во ова издание е изработен за нова група производи: метални архивски ормани, јаглен, училишни столчиња и заштитни гумени чизми. Обидот за изработка на индексот на рационалноста за услугата за чистење на речни корита не можеше да се реализира бидејќи не можеше да се пронајде заедничка единица мерка врз основа на која би се спoределе трошоците за оваа услуга.

Индексот на рационалност изработен за новата група производи открива големи разлики во цените по кои институциите купуваат ист вид производи/услуги. Најголемата разлика во цената е евидентирана во набавката на јаглен, а најмала во набавката на заштитните гумени чизми.

Сумарно, индексот на рационалност ги даде следните сознанија:

- **металните архивски ормани** ги чинеле институциите од 6.476 до 14.293 денари по орман, со што највисоката цена е за дури 121% повисока од најниската;
- **јагленот е** купуван по цени што се движат од 1.652 денари до 4.720 денари за еден тон (калорична вредност од 2.000-2.500 kcal на килограм и со гранулација од 80 мм), со што највисоката цена е за дури 186% повисока од најниската;
- **училишни столчиња** со стандардни димензии се купувани по цени кои се движат од 505 до 1.062 денари, што значи дека највисоката цена е за 110% повисока од најниската и
- **заштитни гумени чизми,** високи до колена, ги чинеле комуналните претпријатија од 400 до 728 денари за чифт, со што највисоката цена платена за оваа услуга е за 82% поголема од најниската цена.

Анализата на податоците направена во функција на изработка на индексот на рационалност за оваа група производи ги потврдува сознанието констатирано и претходно за негативните ефекти од планирањето на електронската аукција во услови на отсуство од конкуренција.

Дека отсуството на конкуренција доведува до високи цени потврдуваат дури три од четирите изработени индекси за рационалност односно во набавката на метални архивски ормани, на јаглен и на училишни столчиња.

Ваквата состојба довела дури и до апсурдна ситуација исти фирми да склучуваат договори со различни цени за ист производ. Притоа секако онаму каде што имало е-аукција цените се намалувани онаму каде што немало тие се како по правило повисоки.

Оваа состојба секако ја наметнува потребата Бирото за јавни набавки да остане доследно во најавата за ревидирање на постоечкиот и предлог за воведување на нов модел на аукција наведен во Драфт Стратегијата за развој на Електронскиот систем за јавни набавки 2016-2020. Во Стратегијата како главни недостатоци на аукцијата меѓудругото се наведуваат нереално зголемување на цените пред аукцијата и шпекулативни акции во однос на цената. Во Стратегијата е наведено дека аукциите теоретски/технички можат да се прават за сите набавки, но не ги даваат резултатите и не ја оправдуваат целта на нивното постоење, доколку се употребуваат во 100% од набавките. Оттука плановите и предлозите на Бирото за јавни набавки се во духот на веќе дадените предлози на Центарот за граѓански комуникации, а тоа е на среден рок укинување на задолжителноста на аукцијата и нејзино опцијално користење или делумно задолжително за одредени набавки.